***СЛУЖБЕН ГЛАСНИК***
***НА ОПШТИНА КОНЧЕ***

| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Конче Бр.5/2021** | ***КОНЧЕ 06.04.2021 ГОДИНА*** | **Излегува по потреба** |
| e-mail:opstina.konce@mt.net.mk | ж.с/ка 735014073863019 | Д.Б.4023005118934 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ( Службен весник на РМ бр. 05/02), Градоначалникот на општина Конче донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

**За објавување на актите донесени на 3-та вонредна седница на Советот на општина Конче одржана на ден 06.04.2021 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВААТ актите донесени на 3-та вонредна седница на Советот на општина Конче одржана на ден 06.04.2021 година**

1. Одлука за времен прекин на наставата со физичко присуство и замена со он-лине настава од прво до петто одделение во ОУ „Гоце Делчев“- Конче.

Број 09-506/4
Дата 06.04.2021
Конче

Општина Конче
Градоначалник,
Благој Илиев,

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен гласник на РМ бр.05/02), и член 11 став 1 точка 43 од Статутот на општина Конче а во врска Одлуката од Општинскиот кризен штаб Конче број 02-505/1 од 05.04.2021,

Советот на општина Конче на седницата одржана на ден 06.04.2021 година донесе:

**О Д Л У К А**

За времен прекин на наставата со физичко присуство и замена со он-лине настава од прво до петто одделение во ОУ „Гоце Делчев"- Конче

**Член 1**

Се опредлува времен прекин на организирање на наставата со физичко присуство и замена со он-лине настава од 1-во до 5-то одделение во Основното училиште „Гоце Делчев"во Конче и ПУ ,,Гоце Делчев,, с.Дедино, ПУ ,,Гоце Делчев,, с.Ракитец, ПУ ,,Гоце Делчев,, с.Габревци, ПУ ,,Гоце Делчев,, с.Долни Липовиќ и ПУ ,,Гоце Делчев,, с.Горни Липовиќ за период од 06.04.2021 до 03.05.2021 година заради превентивно делување, избегнување на опасност од ширење на вирусот Ковид 19 преку учесниците во наставниот процес.

**Член 2**

Оваа Одлука се донесува по предлог на Одлука на Општинскиот кризен штаб Конче поради настаната алармантна состојба на ширење на вирусот Ковид 19 во населени места на општина Конче и настаната смрт на повеќе граѓани како последица на вирусот.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила веднаш по нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Конче.

Број 08-506/3
Дата 06.04.2021
Конче

Совет на општина Конче
Претседател,
Исмаил Куртов,

***С О Д Р Ж И Н А***

1.Одлука за времен прекин на наставата со физичко присуство и замена со он-лине настава од прво до петто одделение во ОУ „Гоце Делчев“- Конче.

*„ Службен гласник на Општина Конче“*